Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски бр. 10-509/2
Дата: 02-07-2025

До:

Предмет:
Одговор на Барање пристап до информации од јавен карактер

Почитуван,
До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од Ваша страна, на 17.6.2025 г. по електронски пат, доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено со наш архивски број 10-509/1.
Комисијата, постапувајќи по барањето, Ви го доставува следниов одговор:

- Согласно член 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија" бр. 258/2020 од 30.10.2020), Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е самостоен и независен орган кој работи во согласност со надлежностите утврдени со овој закон.
Комисијата своите надлежности ги извршува согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, каде меѓу другото, постапува по претставки, носи мислења, препораки и заклучоци за конкретните случаи на дискриминација.
По поднесената претставка е постапено во законскиот рок.
- Комисијата е колективно тело, односно согласно член 16 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата е составена од седум членови кои ги избира и ги разрешува Собранието на Република Северна Македонија. Комисијата, согласно член 9 став 10 од Деловникот за работа на Комисијата („Службен весник на РСМ" бр. 4/2025), одлучува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови.
Покрај постапка пред Комисијата, во согласност со член 32 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, лицето кое смета дека е дискриминирано може да поднесе тужба пред надлежен граѓански суд.
- Комисијата одлуките ги донесува согласно Законските одредби.
- Комисијата за спречување и заштита од дискриминација работи отчетно и транспарентно. За начинот на кој можете да извршите увид во предметот, Ве упатуваме да го погледнете Деловникот за работа на КСЗД на нашата веб страница во делот закони-подзаконски акти-протокол за работа-деловник за работа.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до: